REPUBLIКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Бр.1403-23/2

Скопје, 06.02.2008 година

ДО
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Кисела Вода за 2006 година, кои се прикажани на страните од 12 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Кисела Вода за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Ѓорѓе Арсов, Градоначалник на општина Кисела Вода во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 11 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 10.09.2007 до 10.10.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 08.01.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финасиките извештаи за 2006 година на општина Кисела Вода за средствата на сметката на Органот, под број 08-76/1 од 08.01.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Кисела Вода. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодите од точките 10.5.1. и 10.5.2. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за превземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.

- за забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.1.3.; 10.4.2.; 10.6.1.1.;10.6.1.6.; 10.6.1.8.; 11 и 12. од Предходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, и истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**11.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на готовинско и безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека и покрај јасно дефинираната организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените согласно актот за систематизација и функционирањето на воспоставените контроли во овој процес, постои ризик поради непостоењето на пишани процедури во делот на движењето на документацијата, уредно ликвидирање и евидентирање на истата и материјална евиденција за материјалите кои ги набавува и ги користи општина Кисела Вода.

**Препорака:**

Надлежните служби да изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање,

контролата и движењето на сметководствените документи, материјална евиденција за набавката и издавањето на материјалите и документирани докази за употреба на истите.

**11.1.2. Процес на плати**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во административните органи на општина Кисела Вода, ревизијата констатира дека не постои ризик исплатените плати да не се резултат на вистински извршена работа (присутност на работа). Причина за тоа е воспоставениот систем за пресметка на плата кој гаратира дека не постои ризик да се исплати плата на лице кое не е вработено во општината и плата на вработените за деновите кога неоправдано се отсутни од работа.

**11.1.3. Процес на јавни набавки**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на јавни набавки ревизијата констатира дека постои ризик од необезбедување фер конкуренција на понудувачите, поради непочитување на постапките за јавни набавки предвидени со Законот и тоа:
- со одлуката за потребата на одделната набавка во неколку постапки со отворен повик предвидената вредност на набавката е помала од вредноста на склучените договори;
- во неколку постапки договорите со избраните понудувачи не се склучени во законски предвидениот рок;
- не се врши евалуација и не се применува методологијата за бодирање за избор на најповолен понудувач;
- и покрај постоење на Правилник за начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност во кој јасно е дефинирана постапката не се почитуват одредбите од истиот;
- не се поднесуваат изјави за непостоење конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавни набавки.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови да се изгради систем кај јавните набавки кој ќе функционира согласно постојната законска регулатива.

**11.2. Неправилна примена на актите**

11.2.1. Програмите за работа за 2006 година донесени од Советот на општина Кисела Вода и тоа:

- Програма за урбанистичко планирање и уредување на просторот на подрачјето на општина Кисела Вода, во делот на подпрограмите за уредување на градежното земјиште, уредување на просторот во рурални подрачја, за уредување на градежното земјиште (капитални трошоци), уредување на просторот во рурални подрачја (капитални трошоци);
- Програма за комунални дејности во делот на подпрограмите за одржување на урбана опрема, јавно осветлување, одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај, изградба на јавно осветлување, изградба и реконструкција на локални патишта и улици, изградба на простор за паркирање, изградба на сообраќајна сигнализација, урбана опрема, и
- Програма за заштита на животната средина и природата подпрограмата за капитални трошоци,

претставуваат преглед на износи на парични средства кои се предвидуваат да бидат потрошени без да биде наведено конкретно за кои објекти се планирани средствата да бидат искористени. Поради тоа во текот на годината постои можност од субјективно одлучување кои објекти ќе бидат предмет на градба и реконструкција.
Во Програмите за работа за 2007 година е надмината оваа состојбата и во истите конкретно се наведени објектите кои ќе бидат предмет на градба и реконструкција.

11.2.2. Општина Кисела Вода и општина Аеродром, која произлегла од неа согласно Законот за територијална организација на општините, во законски предвидените рокови немаат изготвено делбен биланс за поделбата на имотот средствата, побарувањата и обврските, што е спротивно на член 60 од Законот за Градот Скопје. На ревизијата и беше даден на увид предлог делбен биланс изготвен од страна на општина Кисела Вода, но истиот од страна на надлежните на општина Аеродром сеуште не е прифатен и верификуван. Споменатите општини подолго време водат судски спор во однос на точно утврдување на побарувањата, обврските, материјалните средства што треба да припаднат на општина Аеродром.

Поради тоа дел од билансните позиции на општина Кисела Вода на кои се искажани овие состојби нереално ја прикажуваат состојбата на 31.12.2006 година.

**Препорака:**

Надлежните органи на општина Кисела Вода и општина Аеродром во соработка со централната власт да превземат активности за надминување на оваа состојба.

**11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Во сметководството на општина Кисела Вода не се евидентирани вложувања во материјални средства (улици, патишта и други објекти) на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2006 година, на објекти од овој вид по разни основи, извршено е вложување и реконструкција во вкупен износ од 45.600 илјади денари кои не се евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Ваквото постапување е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажани состојби на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи.
Во 2007 година е отпочнато со евидентирање на капиталните расходи на соодветните сметки за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал, со што е надмината оваа состојба.

**11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.4.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е искажана во поголем износ од 3.058 илјади денари, поради исплата на поголеми износи на надоместоци и тоа:

- за советниците и претседателот на советот за учество на седниците на Советот одржани во 2006 година, во вкупен износ од 252 илјади денари, во износи поголеми од законски дозволените 30% од просекот на плати исплатен во претходните три месеци по одржана седница, што е спротивно на Законот за локална самоуправа и
- надоместоци на советниците и претседателот на Советот, за дневни и патни трошоци за одржани седници на комисии, и за присуство на советници при

склучување на бракови во износ од 2.806 илјади денари, спротивно на член 100 од Законот за локална самоуправа;

На исплатените надоместоци е пресметан и платен персонален данок во вкупен износ од 540 илјади денари.
Ефектот од наведените извршени исплати е незаконско трошење на средствата на општината и нереално зголемени расходи.

**Препорака:**

Исплатата на надоместоците да биде во согласност со одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица, а за незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општина Кисела Вода да превземат мерки за враќање на истите.

11.4.2. Општина Кисела Вода има ангажирано лица за извршување на работи и работни задачи со кои има склучено договори за дело од 2006 година што е спротивно на Законот за работни односи. На истите во 2006 година е исплатен износ на надоместок од 1.670 илјади денари за кој е пресметан и платен само персонален данок на доход.

За времено ангажираните лица, надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни да постапат согласно Законот за агенциите за привремени вработувања со што ангажирањето на овие лица ќе го усогласат со истиот. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2006 година.
Почнувајќи од јануари 2007 година оваа неправилност е надмината.

**11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.5.1. На сметката залиха на суровини и материјали не е искажана состојбата на залихата на индустриска сол за зимско одржување на патишта и трошењето на истата. Набавка на индустриска сол за зимско одржување на патишта е извршена во месец ноември и декември 2005 година, вкупно 258,13 тони за износ од 950 илјади денари. Не се води материјална евиденција за набавката и трошењето што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. За периодот од 01.06 до 31.08.2006 година за складирање на 150 тони индустриска сол е склучен договор на износ од 104 илјади денари. Ефект на ваквата состојба е немање увид на залихата на истата и придонесува за нереални финансиски извештаи.

11.5.2. Општина Кисела Вода има извршено набавка на 2.500 парчиња пластични канти за отпадоци во вкупен износ од 3.325 илјади денари. Кантите се наменети за продажба на граѓаните, жители на општината од кој во 2006 година остварени се приходи од 2.160 илјади денари. Продажбата е вршена по набавни цени. Залиха во износ од 1.165 илјади денари не е евидентирана во сметководството на општината што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Тоа има за ефект нереално искажана состојба во сметководството и Билансот на состојба.

Ревизијата не дава препорака по овие наоди од причина што во фазата на Забелешки по Предходен извештај субјектот превзел мерки за надминување на овие состојби и го извести Државниот завод за ревизија.

**11.6. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки**

11.6.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

11.6.1.1. Спротивно на членот 12 став 2 од Законот за јавни набавки предвидената вредност на набавката според решенијата за јавни набавки е помала од вредноста според склучените договори за вкупен износ од 4.984 илјади денари и тоа во следните случаи:
- за износ од 198 илјади денари во постапката за јавна набавка за вршење ревизија на финансиското работење на општина Кисела Вода за 2001 до 2005 по Отворен повик бр. 1/2006;
- за износ од 343 илјади денари во постапката за јавна набавка на патничко моторно возило за потребите на општина Кисела Вода по Отворен повик бр. 2/2006;
- за износ од 1.698 илјади денари во постапката за јавна набавка за печатење на книги, монографија на општина Кисела Вода, брошури, плакати, флаери, налепници и друг пропаганден материјал по Отворен повик бр. 3/2006;
- за износ од 2.745 илјади денари во постапката за јавна набавка на огревно дрво и нафта за домаќинтво по Отворен повик бр. 4/2006,

Во постапката за набавка на нафта за домаќинството, од страна на Макпетрол АД Скопје е доставена приговор-жалба до Комисијата за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија, а преку комисијата за јавни набавки при општина Кисела Вода. Жалбата од страна на надлежните на општината не е проследена до Комисијата за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија со што е постапено спротивно на одредбите од член 91 Законот за јавни набавки. Надлежните во општината склучиле договор за набавка пред истекот на рокот за жалба.

11.6.1.2. Спротивно на членот 85 став 3 од Законот за јавни набавки договорот со избраниот понудувач не е склучен во законски предвидениот рок и тоа во следните случаи:
- во постапката за јавна набавка за испорака и монтажа на гумени ограничувачи на брзина и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на општина Кисела Вода и
- во постапката за јавна набавка за печатење на општински весник на општина Кисела Вода.

11.6.1.3. Во делот на набавки од мала вредност постапено е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:
- спротивно на членот 12 од Законот за јавни набавки, понудите се доставени пред да биде донесена одлука за јавна набавка. Така е постапено во 19 случаи за вкупен износ од 2.933 илјади денари, (Прилог бр. 1) и
- спротивно на членот 72 став 2 од Законот за јавни набавки вршени се набавки на истородни добра повеќе пати во текот на иста календарска година со постапка за јавна набавка од мала вредност, наместо да се изврши постапка за јавна набавка од друг вид согласно предвидените со Законот за јавни набавки. Така е постапено во 18 случаи за вкупен износ од 2.489 илјади денари (Прилог бр.2).

11.6.1.4. Спротивно на Законот за јавни набавки, без постапка за јавна набавка, извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 307 илјади денари за поправка и сервисирање на патнички возила сопственост на општината.

11.6.1.5. Спротивно на членот 49 од Законот за јавни набавки, во понудата на понудувачот со кој е склучен договор за извршување работи - услуги за уривање на бесправно изградени објекти, нема наведено податоци за подизведувачот на кој по склучувањето на договорот се дадени работи на извршување.

11.6.1.6. Кај набавките со Ограничен повик во втората фаза од постапката за јавна набавка, при доставување на поканата за поднесување на понуди е постапувано спротивно на членот 63 од Законот за јавни набавки бидејќи во понудата не се наведени критериуми за избор на најповолен понудувач, туку општината го задржува правото да состави ценовник од понудените цени. Спротивно на член 53 од Законот за јавни набавки не се врши евалуација и не се применува методологијата за бодирање за избор на најповолен понудувач, а општината составува ценовник кој за одредени позиции не ги содржи најниските понудени цени. Со оние кои ќе достават согласност за прифаќање на ценовникот се склучуваат договори за работа, така да се јавуваат повеќе изведувачи за иста позиција од ограничениот повик. Понатамошниот избор на понудувачите кои склучиле договор и нивното ангажирање за извршување на пооделни работи се врши по избор на надлежните од општината без утврдени критериуми.

11.6.1.7. Во сите постапки за јавни набавки нема поднесено изјави за непостоење конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавни набавки, што е спротивно на членот 21 од Законот за јавни набавки.

11.6.1.8. Спротивно на член 10 од Законот за јавни набавки започната е постапка за јавна набавка со Отворен повик бр. 05/2005 за Санација на локален пат населба Драчево – Китка (Преслап), иако за тоа не биле претходно обезбедени средства. Според Елаборатот за Санација на локален пат населба Драчево – Китка (Преслап) во должина од 20 км изработен од „Прима Инженеринг„ ДОО Скопје, предвидена е вредност од 55.191 илјада денари, а според решението за јавна набавка за оваа потреба се предвидени средства во износ од 24.000 илјади денари обезбедени од буџетски, донаторски и здружени сресства.

- со договор за здружување на средства помеѓу договорните страни општините Кисела Вода, Студеничани, Зелениково, градот Скопје, ЈП Македонски шуми и Фондот за магистрални и регионални патишта обезбедени се средства од 39.000 илјади денари кои не се доволни за извршување на работите предвидени со елаборатот. Според истиот е договорено сите административно-технички работи околу реализацијата на одредбите на овој договор да ги врши општинската администрација на општина Кисела Вода.

Во врска со договорот за здружување на средства општина Кисела Вода и ЈП Македонски шуми имаат склучено Анекс договор број 2 од 28.08.2006 година во кој е наведено дека поради измени во Основниот проект за изградба на патот Драчево – Китка, се додаваат два нови члена со што наместо здружување на средства за финансирање на реконструкција на патот Драчево – Китка (Преслап) во должина од околу 20 км предметот на договорот гласи здружување на средства за финансирање на ИЗГРАДБА на патот Драчево-Китка (Преслап) во должина од околу 20 километри и износот на здружените финансиски средства од 39.000 илјади денари се зголемува на износ од 53.457 илјади денари;

- со „Мавровоинжинеринг„ Скопје склучен е договор за санација на локален пат населба Драчево-Китка (Преслап) во должина од 20 км, на износ од 53.457 илјади денари со пресметан ДДВ според предмер и пресметка од Елаборатот и понуда бр. 09-658 од 05.10.2005 година, кој е поголем за 29.457 илјади денари од износот на предвидените средства со решението за јавна набавка и за 14.457 илјади денари од договорот за здружување средства односно без да биде заокружена финансиската

конструкција. На ревизијата не и беше презентиран доказ за известување на здружувачите за спроведената постапка за јавна набавка иако во договорот таква обврска е пропишана;

- спротивно на објавата за Отворен повик број 05/2005 од 18.08.2005 година за Санација на локален пат населба Драчево – Китка (Преслап), со која не е предвидено извршување на работите во фази и спротивно на член 51 и 57 точка 5 од Законот за јавни набавки, со изведувачот „Мавровоинжиниринг„ Скопје склучен е Анекс договор број 1 од 12.04.2006 година според кој изведувањето на работите ќе се врши во две фази, прва фаза до манастирот Пеленице (3,01 км) за износ од 29.000 илјади денари и втора фаза до мотелот Китка (крајна дестинација 17км) во врденост од 24.457 илјади денари, без точно дефинирање на позициите и количините за едната и другата фаза. Тоа е направено и без согласност на здружувачите на средствата, кои претходно ја овластиле општината Кисела Вода да ја води постапката за јавна набавка, да изврши избор на најповолен понудувач и да ги врши сите административно-технички работи околу реализацијата на одредбите на договорот за здружување;

- во испоставените времени ситуации од „Мавровоинжинеринг„ Скопје, заклучно со петта времена ситуација на вкупен износ од 21.345 илјади денари, освен на понудата број 09-658 од 05.10.2005 година која е составен дел на договорот за изведување на градежни работи, изведувачот се повикува и на понуди прифатени од инвеститорот општина Кисела Вода број 09-209 од 22.03.2006, 09-210 од 22.03.2006 и 09-653 од 15.06.2006 година. Прифаќањето на дополнителните понуди наведени во ситуациите, како и отстапувањата кај одделни позиции и цени според предмер пресметката, според кажувањата на надлежните се однесуваат на дополнителни работи за првите 3,01 км од патот Драчево-Китка, без законски спроведена постапка, односно без добиена претходна согласност од Бирото за јавни набавки и без да биде склучен анекс договор што е спротивно на член 66 точка 2 и член 67 точка 1 став 5 б) од Законот за јавни набавки.

- реконструкција - изградба на првите три километри од овој пат, според преписката помеѓу инвеститоорот, надзорот и изведувачот е вршена на делницата Драчево – Манастир Пеленице, по Главен проект за објект Драчево – мотел Китка со геодетско снимање од страна на ДИК „ЧАКАР-ПАРТНЕРС„ Скопје, а не според Елаборатот за санација на патот Драчево - Китка изработен од страна на „Прима Инжинеринг„ Скопје по кој е склучен договорот за санација со „Мавровоинженеринг„, со што е постапено спротивно на изготвената тендерска документација по отворениот повик, прифатената понуда и договорот склучен со „Мавровоинженеринг„ Скопје.

11.6.1.9. За изработка на комплетна инвестиционо техничка документација за реконструкција Главен проект за објект Драчево – мотел Китка со геодетско снимање, спроведена е постапка за јавна набавка со ограничен повик, за втората фаза од јавната набавка на ревизијата не и беше презентирана документација.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од 11.2.2; 11.3.1.; 11.4., и 11.5., финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Кисела Вода на ден 31 декември 2006 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.4. и 11.6., кај Органот на општина Кисела Вода за 2006 година, е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Кисела Вода во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

14.1.1. Во сметководството и Билансот на состојба за 2006 година не е искажана обврска спрема добавувачите во износ од 22.017 илјади денари која произлегува од извршени работи на реконструкција на патот Драчево – Китка за кои изведувачот до нарачувачот има испоставено документација ( времени ситуации и фактури) и не е искажан износ на платен дел од обврска во вкупен износ од 16.593 илјади денари, од кој износ од 3.925 илјади денари платил ЈП Македонски шуми, 5.000 илјади денари Фондот за магистрални и регионални патишта и 668 илјади денари градот Скопје, како странки во договорот за здружување. Наместо тоа евидентиран е само износ на обврска од 7.000 илјади денари, делот од вкупната обврска која припаѓа на општина Кисела Вода кој износ е евидентиран и како платен. Бидејќи патот не е завршен, за износот на извршените работи од 22.017 илјади денари не е спроведено и евидентирање на сметката Инвестиции во тек и на сметката Пасивни временски разграничувања. Тоа е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, спротивно е на одредбите од член 6 на договорот за здружување на средства за финансирање на реконструкција на патот Драчево - Китка како и спротивно на член 25 од договорот за изведување на градежни работи. Ефект е нереално искажани состојби во Билансот на состојба за 2006 година.
За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата е спроведена исправка со што оваа неправилност е отстранета и истата е инкорпорирана во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 12 од овој извештај.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води општина Кисела Вода, состојбата е следна:

Општина Кисела Вода е тужена странка во повеќе судски спорови во вкупен износ од 153.648 илјади денари и тоа:
- по основ на обврски по неплатен долг од 32 правни субјекти за вкупен износ од 80.206 илјади денари и исплата на еднократна помош од две физички лица за вкупен износ од 10 илјади денари;
- по основ на неплатен долг и надомест на штета од 14 правни субјекти за вкупен износ од 73.432 илјади денари каде е тужена РМ, општина Кисела Вода, општина Аеродром и други правни субјекти;
- по основ на нарушување на владение, донесување на решение за привремена мерка, предлог за обезбедување на докази, барање за денационализација, надомест за одземено градежно земјиште, надомест за експроприрана недвижност, надомест за недвижен имот и предавање на владение на недвижен имот од 10 физички лица на неопределен износ;

Општина Кисела Вода е тужител во судски спорови и тоа:
- со 12 правни лица и 15 физички лица по основ на побарувања по разни основи на износ од 43.608 илјади денари;
- стечајни предмети во кои општина Кисела Вода се јавува како доверител за

неопределен износ со еден правен субјект по основ на побарување за комуналии;
- со 3 правни субјекти, по основ на барање за исполнување на договор, иселување и поништување на договор;
- против 6 правни субјекти е поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство.
-

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Кисела Вода за годината која завршува со 31 Декември 2006 година.

16. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2004 година, од страна на надлежните од општина Кисела Вода, превземени се мерки и е постапено по препораките на ревизијата и тоа:

- Статутот на општина Кисела Вода во делот на роковите за донесување на годишната сметка на буџетот на ЕЛС е усогласен со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- воведена е аналитичка евиденција на побарувањата, обврските, приходите и расходите согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја;
- се водат помошни книги пропишани со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- воспоставен е систем на редовна внатрешна сметководствена контрола;
- извршен е попис на средствата и изворите во согласност со законските прописи, со што е усогласена сметководствената состојба на средствата и нивните извори со фактичката состојба;
- се пресметува амортизација и истата се евидентира во сметководствената евиденција;
- наплатата на приходите по основ на комуналии преку цесии и компензации се евидентираат на сметката на Буџетот;
- во 2006 година исплатата на платите на избраните лица – функционери е во склад со одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица за лицата кои имаат третман на функционери;
- почитувани се одредбите од Законот за локална самоуправа во делот на член 44 каде е одредено дека Претседавачот на Советот не може да има третман на вработено лице во единицата на локалната самоуправа;
- при евидентирањето на расходите правилно се преминува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници.
- се почитуваат одредбите од Законот за буџетите и не се трансферираат средства до институции за кои нема законски основ да се финансираат од буџетот на општината;
- воведена е аналитичка евиденција по добавувачи;
- аналитичка евиденција по објекти преку која ќе се следи изградбата и реконструкцијата на објектот и истиот ќе се евидентира како инвестиција во тек, а со предавањето во употреба како постојано средство со соодветно зголемување на изворите на капитални средства е воведена во 2007 година;
- евидентирањето на документацијата се врши редовно, а не во моментот кога по истита се плаќа;
- документите се уредни: потпишани од надзорен орган, инвеститор и изведувач, но се без прилог градежна книга и документ за прием и предавање во употреба на објектот;

- изготвен е акт со кој се утврдени критериуми за поделба на заедничките трошоци по основ на вода, електрична енергија, комуналии и затоплување со субјектите кои се сместени во бараките на општина Кисела Вода и секој во зависност од потрошувачката учествува во измирувањето на трошоците;
- се врши евидентирање на ново набавената опрема и се врши отпис односно пресметување на амортизација согласно годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисниици;
- општината до крајот на јануари од тековната година има донесено план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- донесен е интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

Не е постапено по препораките од ревизорскиот извештај за 2004 година и тоа:

-При исплата на надоместоците на советниците и Преседателот на Советот не се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа и другата законска регулатива која ги регулира надоместоците.

**Скопје, 30.01.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ОРГАН НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 121 |
| Трансфери и донации | 3.1. | 160,779 | 185,568 |
| **Вкупно приходи** | | **160,779** | **185,689** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 19,941 | 15,968 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 472 | 959 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 58,333 | 54,058 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 3,811 | 864 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **82,557** | **71,849** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 78,222 | 113,840 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **78,222** | **113,840** |
| **Вкупно расходи** | | **160,779** | **185,689** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Хартии од вредност | 4.1.1. | 9 | 28 |
| Побарувања | | 0 | 2,000 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 10 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 69,679 | 72,846 |
| Залихи | 4.1.4. | 748 | 601 |
| **Вкупно тековни средства** | | **70,446** | **75,485** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 41,909 | 18,444 |
| **Вкупно постојани средства** | | **41,909** | **18,444** |
| **Вкупна актива** | | **112,355** | **93,929** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 68,192 | 72,765 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 380 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 1,106 | 81 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.1. | 22,036 | 2,038 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **91,714** | **74,884** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 20,641 | 19,045 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **20,641** | **19,045** |
| **Вкупна пасива** | | **112,355** | **93,929** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **18,437** | **608** | **19,045** |
| **Зголемување по основ на:** | **4,262** | **1,968** | **6,230** |
| Набавки | 4,262 | 1,968 | 6,230 |
| **Намалување по основ на:** | **2,806** | **1,828** | **4,634** |
| Отпис на материјали, резервни делови, ситен инвентар | - | 1,828 | 1,828 |
| Амортизација | 2,806 | | 2,806 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **19,893** | **748** | **20,641** |